Thinking of you
Electrolux

EOB6850

MK ПЕЧКА НА ПАРЕА	УПАТСТВО ЗА РАКУВАЊЕ	2
PL PIEKARNIK PAROWY	INSTRUKCJA OBSŁUGI	43

СОДРЖИНА

1. БЕЗБЕДНОСНИ ИНФОРМАЦИИ 3
2. ИНСТРУКЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ 4
3. ОПИС НА ПРОИЗВОДОТ 6
4. ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА 6
5. КОНТРОЛНА ТАБЛА 7
6. СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА 9
7. ФУНКЦИИ НА ЧАСОВНИКОТ 13
8. АВТОМАТСКИ ПРОГРАМИ 14
9. КОРИСТЕЊЕ НА ПРИБОРОТ 15
10. ДОПОЛНИТЕЛНИ ФУНКЦИИ 19
11. ПОМОШНИ НАПОМЕНИ И СОВЕТИ 21
12. НЕГА И ЧИСТЕЊЕ 34
13. ШТО ДА СТОРИТЕ АКО... 39
14. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ 40
15. МОНТАЖА 41

НИЕ МИСЛИМЕ НА ВАС

Ви благодариме што купивте Electrolux апарат. Одбравте производ со долгогодишно професионално искуство и иновативност. Револуционерен и стилски, мислевме на Вас кога го дизајниравме. Со секое користење, бидете сигурни дека секогаш ќе имате супер резултати.

Добродојовте во Electrolux.

Посетете ја нашата веб страница за да:



Добиете корисни совети, брошури, водич за решавање на проблеми, информации за сервисирање:
www.electrolux.com



Регистрирате Вашиот производ за подобри услуги:
www.electrolux.com/productregistration



Купувате Додатоци, Половни и Оригинални делови за Вашиот апарат:
www.electrolux.com/shop

СЛУЖБА ЗА ПОТРОШУВАЧИ И СЕРВИС

Ви препорачуваме да користите оригинални делови.
Кога ќе контактирате со Сервисот, бидете сигурни дека ги имате на располагање следниве податоци. Информациите може да ги најдете на плочката со податоци. Модел, Број на производот, Сериски број.

 Предупредување / Внимание - Сигурносни информации.

 Општи информации и совети

 Еколошки информации

Можноста за промени е задржана.

1. БЕЗБЕДНОСНИ ИНФОРМАЦИИ

Пред монтажата и употребата на овој апарат, внимателно прочитајте ги доставените упатства. Производителот не е одговорен ако неправилната монтажа и употреба предизвикаат повреди и оштетувања. Секогаш чувајте го упатството со апаратот за идна употреба.

1.1 Безбедност на деца и ранливи лица

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Ризик од задушување, повреда или траен инвалидитет.

- Овој апарат може да го користат деца на возраст од 8 години и постари и лица со намалени физички, сетилни или ментални способности или со недостаток на искуство и знаење доколку ги надгледува лице кое е одговорно за нивната безбедност.
- Деца не смеат да играат со апаратот.
- Чувајте го пакувањето настрана од дофат на деца.
- Држете ги децата и миленичињата подалеку од апаратот кога тој работи или кога се лади. Деловите кои се достапни се жешки.
- Ако апаратот има безбедносен уред за деца, ви препорачуваме да го активирате.
- Чистењето и одржувањето од страна на корисникот не треба да го прават деца без надзор.

1.2 Општа безбедност

- Апаратот се загрева во внатрешноста при работа. Не допирајте ги грејачите кои се во апаратот. Секогаш користете ракавици за печка за вадење или ставање прибор или огноотпорни садови.
- Не користете чистач на пареа за чистење на апаратот.
- Пред одржувањето, исклучете го апаратот од струја.

- Не користете силно абразивни средства или остри метални стругалки за да го чистите стаклото на вратата бидејќи тоа може да предизвика прскање на стаклото.
- За да ги извадите држачите на решетките повлечете го предниот дел од држачот, а потоа задниот крај настрана од страничните ѕидови. Монтирајте ги држачите на решетките по обратен редослед.

2. ⚠ ИНСТРУКЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

2.1 Монтажа

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Апаратот мора да биде монтиран само од квалификувано лице.

- Извадете ја целата амбалажа.
- Никогаш не монтирајте и не користете оштетен апарат.
- Следете ги инструкциите за монтирање дадени со апаратот.
- Бидете внимателни кога го преместувате апаратот затоа што е тежок. Секогаш носете заштитни ракавици.
- Не влечете го апаратот за рачката.
- Одржувајте минимална оддалеченост од другите апарати и делови.
- Уверете се дека апаратот е инсталиран под најблиските сигурносни структури.
- Страните на апаратот мора да останат во близина на апаратите или до уредите со иста висина.

Поврзување на струја

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од пожар и електричен шок.

- Секое поврзување на струја треба да биде направено од квалификуван електричар.
- Апаратот мора да биде заземјен.
- Проверете дали податоците за струјата од плочката со спецификации одговараат на напојувањето со електрична енергија. Ако не, контактирајте со електричар.
- Секогаш користете правилно инсталирана приклучница, обезбедена од струјни удари.
- Не употребувајте повеќекратни приклучоци и продолжени кабли.
- Внимавајте да не ги оштетите приклучокот за струја и кабелот. Контактирајте со сервисниот центар или со електричар за да го смените оштетениот кабел.
- Не дозволувајте кабелот да дојде во допир со вратата на апаратот, особено кога вратата е жешка.
- Заштитата од електричен удар на активните и изолираните делови мора да се поврзе на таков начин што нема да може да се извади без алатки.
- Поврзете го приклучокот за струја со штекерот на крајот од монтажата. Проверете дали има пристап до приклучокот за струја по монтажата.
- Доколку штекерот е лабав, не приклучувајте го приклучокот за струја.
- Не влечете го кабелот за напојување за да го исклучите апаратот. Секогаш повлекувајте го штекерот за напојување.
- Користете само правилни уреди за изолација: заштитни прекинувачи на линија, осигурувачи (осигурувачи на вртење извадени од држачот), заземјување и контактори.
- Електричната инсталација мора да има изолациски уред кој што ви овозможува да го исклучите апаратот од приклучокот за струја од сите полови. Изолацискиот уред мора да има контактен отвор со ширина од најмалку 3 mm.

2.2 Употреба

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Постои опасност од повреда, изгореници или електричен шок или експлозија.

- Користете го апаратот само во домашни услови.
- Не менувајте ги спецификациите на овој апарат.
- Погрижете се отворите за вентилација да не се блокирани.
- Не оставајте го апаратот без надгледување додека работи.
- Исклучете го апаратот по секоја употреба.
- Внимавајте кога ја отворате вратата на апаратот додека тој работи. Може да испушти жежок воздух.
- Не ракувајте со апаратот со влажни раце или кога тој има контакт со вода.
- Не притискајте на отворена врата.
- Не употребувајте го апаратот како работна површина или како простор за складирање.
- Секогаш држете ја вратата на апаратот затворена кога апаратот работи.
- Отворете ја вратата на апаратот внимателно. Користењето на состојки со алкохол може да предизвика мешање на алкохол и воздух.
- Кога ја отворате вратата, не дозволувајте апаратот да дојде во контакт со искри или отворен оган.
- Не ставајте запаливи производи или предмети натопени со запаливи средства во, блиску до или на апаратот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Опасност од оштетување на апаратот.

- За да го заштитите емајлот од оштетување или губење на бојата:

  - не ставајте огноотпорни садови или други предмети директно на дното на апаратот.

  - не ставајте алуминиумска фолија директно на дното на апаратот.

  - Не ставајте вода директно во врелиот апарат.

  - Не чувајте влажни чинии или храна во апаратот откако сте завршиле со готвењето.

  - Бидете внимателни при отстранување или поставување на приборот.

- Обезбојувањето на емајлот нема ефект врз работата на апаратот. Тоа не е дефект во смисол на гаранцијата.
- Користете длабока тава за влажни колачи. Овошните сокови предизвикуваат дамки кои може да останат постојано.

Готвење на пареа

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Опасност од изгореници и оштетување на апаратот.

- Не ја отворајте вратата од апаратот додека готвите со пареа. Може да излезе пареа.

2.3 Нега и чистење

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Опасност од повреди, пожар или оштетување на апаратот.

- Пред одржување, исклучете го апаратот и извадете го штекерот за струја од приклучницата.
- Проверете дали апаратот е ладен. Постои опасност од кршење на стаклените плочи.
- Веднаш заменете ги стаклените плочи на вратата кога се оштетени. Контактирајте со сервисот.
- Бидете внимателни кога ја вадите вратата од апаратот. Вратата е тешка!
- Редовно чистете го апаратот за да спречите оштетување на материјалот на површината.
- Заостанатата мрснотија или храна во апаратот може да предизвика пожар.
- Исчистете го апаратот со навлажнета мека крпа. Користете само неутрални детергенти. Не користете абразивни средства, сунѓери со жица, растворувачи или метални предмети.
- Доколку користите спреј за печка, почитувајте ги безбедносните инструкции на пакувањето.
- Не чистете го каталитичкиот емајл (доколку има) со никаков тип на детергент.

2.4 Внатрешно светло

- Типот на светилката или на халогената лампа која се користи за овој апарат е само за употреба во апарати за домаќинство. Не употребувајте ја за осветлување во куќата.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Опасност од струен удар.


- Пред да ја замените светилката, исклучете го апаратот од напојувањето.
- Користете само светилки со истите спецификации.

2.5 Отстранување

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Ризик од повреда или задушување.

- Исклучете го апаратот од приклучокот за струја.
- Отсечете го кабелот за струја и фрлете го.
- Извадете ја рачката на вратата за да спречите затворање на деца и миленичиња во апаратот.

3. ОПИС НА ПРОИЗВОДОТ



1 Електронски програмер
2 Фиока за вода
3 Скара
4 Светилка во печката
5 Вентилатор
6 Држач за решетка, се вади
7 Цевка за цедење
8 Вентил за испуштање пареа
9 Плочка со спецификации
10 Положби на решетките
11 Довод на пареа

3.1 Прибор за печката

- **Решетка**

  За садови за готвење, калапи за торта, тави за печење.
- **Плех за печење**

  За колачи и бисквити.
- **Тава**

  За печење на тесто или месо или како сад за собирање маснотија.
- **Телескопски шини**

  За решетки и плехови.
- **Диетален сад за печење**

  За функциите за готвење со пареа.

4. ПРЕД ПРВАТА УПОТРЕБА

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

4.1 Прво чистење

- Извадете ги сите додатоци и држачите кои се вадат (ако е применливо).
- Исчистете го апаратот пред првата употреба.

Видете во поглавјето „Нега и чистење“.

4.2 Прво поврзување

Кога го приклучувате апаратот на струја или по прекин на напојувањето со струја, морате

да го поставите јазикот, контрастот на екранот, осветленоста на екранот и времето во денот.

1. Допрете го ∧ или ∨ за да ја поставите вредноста.
2. Допрете го **OK** за да потврдите.

4.3 Загревање


Загрејте го апаратот додека е празен за да ја извадите преостаната маснотија.

1. Поставете ги функцијата на печката и максималната температура.
2. Оставете го апаратот да работи околу 45 минути.
3. Поставете ги функцијата на печката и (☞) максималната температура.
4. Оставете го апаратот да работи околу 15 минути.

Додатоците може да станат пожешки од обично. Апаратот може да испушта миризба и чад. Тоа е нормално. Погрижете се да има доволно проветрување.

5. КОНТРОЛНА ТАБЛА

Електронски програмер




Користете ги сензорските полиња за работа со апаратот

Број	Сензорско поле	Функција	Коментар
1	⏻	Вклучено/ исклучено	За да го вклучите и исклучите апаратот.
2	□ 3s	Функции на греење или Помош при готвење	За одбирање на функција за греење или функција Помош при готвење . За пристап до потребната функција, допрете го полето еднаш или двапати кога е вклучен апаратот. За вклучување или исклучување на светлото, допрете го полето 3 секунди.
3	⮌	Почетно копче	За враќање назад едно ниво во менито. За враќање во главното мени, допрете го полето 3 секунди.
4	>>3s	Избор на температура	За поставување на температурата или за прикажување на моменталната температура во апаратот. За вклучување или исклучување на функцијата Брзо загревање , допрете го полето 3 секунди.
5	☆	Омилена програма	За зачувување и пристап до вашите омилени програми.

Број	Сензорско поле	Функција	Коментар
6	∧	Копче за нагоре	За да се движите нагоре во менито.
7	∨	Копче за надолу	За да се движите надолу во менито.
8		Време и дополнителни функции	За поставување на различни функции. Кога работи функцијата за загревање, допрете го сензорското поле за да го поставиете тајмерот, Блокадата за деца, меморијата на Омилена програма , Топлина + Задржување , Set + Go , или за да ги промените поставките на Сензорот за температура во средината (се однесува само на одбрани модели).
9		Потсетник во минути	За да го поставите Потсетник во минути .
10	OK	OK	За потврда на изборот или на поставката.
11	—	Екран	Ги прикажува тековните поставки на апаратот.

Екран



A) Функција за греење
B) Време во денот
C) Показател за загревање
D) Температура
E) Функции Траење и Крај на готв.

Други показатели на екранот

Знак		Функција
	Потсетник во минути	Функцијата работи.
	Време во денот	На екранот се прикажува времето во денот.
|→|	Траење	На екранот се прикажува потребното време за готвење.
→|	Крај на готв.	Не екранот се прикажува кога времето на готвење е завршено.
	Означување на време	На екранот се прикажува колку долго работи одредена функција за греење. Притиснете ги истовремено ∨ и ∧ за да го вратите времето на нула.
	Показател за загревање	На екранот се прикажува температурата во апаратот.
	Показател за Брзо загревање	Функцијата работи. Оваа функција го намалува времето на загревање.

Знак		Функција
	Автоматска тежина	На екранот се прикажува дека работи автоматскиот систем за тежина или дека можете да ја промените тежината.
	Топлина + Задржување	Функцијата работи.

6. СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

6.1 Движење низ менијата

Работа со менијата:

1. Вклучете го апаратот.
2. Допрете го ⋁ или ⋀ за да ја изберете опцијата од менито.
3. Притиснете **OK** за да дојдете до подменито или за да ја прифатите поставката.

Во секое време можете да се вратите назад во главното мени со ↩.

6.2 Преглед на менијата

Главно мени

Знак	Ставка во менито	Примена
	Специјални	Содржи список со додатни функции на греење.
	Функции на греење	Содржи список со функции на греење.
	Помош при готвење	Содржи список со автоматски програми за готвење.
	Омилена програма	Содржи список со омилени програми за готвење зачувани од корисникот.
	Основни поставки	Содржи список со други функции.

Под-менија за: Basic Settings

Симбол	Подмени	Опис
	Set Time of Day	Го поставува моменталното време на часовникот.
	Time Indication	Кога е ВКЛУЧЕНО, екранот го покажува часовникот кога ќе го исклучите апаратот.
	SET + GO	Кога е ON (вклучена), можете да ги вклучите функциите кога ја вклучувате функцијата за греење.
	Heat + Hold	Кога е ON (вклучена), можете да ја вклучите оваа функција кога ја вклучувате функцијата за греење.
	Extra time	Ја вклучува и исклучува функцијата.
	Display Contrast	Го прилагодува контрастот на екранот во степени.

Симбол	Подмени	Опис
	Display Brightness	Ја приспособува осветленоста на екранот во степени.
	Set Language	Го подесува јазикот на екранот.
	Buzzer Volume	Ја прилагодува јачината на тоновите на притискање и сигналите во степени.
	Key Tones	Го вклучува и исклучува тонот на допирните полиња. Не може да се исклучи тонот на допирното поле за ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО.
	Alarm/Error Tones	Ги вклучува и исклучува тоновите за тревога.
i	Service	Ги прикажува верзијата на софтверот и конфигурацијата.
	Factory Settings	Ги враќа сите поставки на фабричките вредности.

6.3 Функции на греење

Подмени за: Функции на греење

Функција за греење		Примена
	Готвење со вентилатор	За печење на најмногу три нивоа на решетката истовремено. Кога ја користите оваа функција, намалете ја температурата на печката за 20 - 40°C од стандардните температури што ги користите за Вообичаено готвење .
	Вентилатор + Пареа	За парење јадења. Користете ја оваа функција за намалување на должината на времето на готвење и за зачувување на витамините и хранливите состојки во храната. За да ја користите, изберете ја функцијата и поставете ја температурата меѓу 130°C и 230°C.
	Поставки за пица	За правење пица, киш или пита на пареа.
	Вообичаено готвење	За печење тесто и месо на едно ниво.
	Бавно готвење	За подготвување особено меко, сочно печено месо.
	Печење на леб	За печење колачи со крцкаво дно или дно со кора и за конзервирање храна.
	ЕКО печење на месо	Функциите ЕКО ви овозможуваат да ја оптимизирате потрошувачката на енергија за време на готвењето. Неопходно е прво да го поставите траењето на готвењето.
	Замрзната храна	За правење храна за разни пригоди како чипс, кришки или чипс со паштета.

Функција за греење		Примена
	Печење	За печење рамни парчиња храна на средината на скарата и за печење тост од леб.
	Брзо печење	За печење рамни парчиња храна во големи количини и за печење тостови од леб.
	Турбо печење	За печење поголеми парчиња месо или живина со коски на едно ниво на решетката. Исто и за запекување и потпекување.
	Подгревање на пареа	За повторно загревање на веќе зготвената храна директно во чинија.

Подмени за: Специјални

Функција за греење		Примена
	Печење на леб	За печење леб со пареа.
	Потпечени	За подготовка на јадења како што се лазањи и потпечен компир. Исто и за запекување и потпекување.
	Киснато тесто	За киснење на тесто со квасец пред печење.
	Топлење на чинии	За загревање чинија пред сервирање.
	Конзервирање	За конзервирање зеленчук во тегли и течност (на пр. мешана туршија).
	Сушење	За сушење кришки овошје како јаболка, сливи или праски и зеленчук како домати, тиквички или печурки.
	Одржување на топлина	За одржување на топлината на приготвената храна.
	Одмрзнување	За одмрзнување на замрзната храна.

6.4 Вклучување на функција за греење

1. Вклучете го апаратот.
2. Изберете го менито Функции на греење . Притиснете **OK** за да потврдите.
3. Поставете ја функцијата за греење. Притиснете **OK** за да потврдите.
4. Поставете ја температурата. Притиснете **OK** за да потврдите.

Притиснете еднаш или двапати на ☐ 3s за директно да влезете го менито Функции на греење (кога апаратот е вклучен).

6.5 Готвење на пареа

Капакот на фиоката за вода е во контролната табла.

1. Притиснете го капакот за да ја отворите фиоката за вода.
2. Наполнете ја фиоката за вода со 900 ml вода.

Количеството вода е доволно за околу 55 - 60 минути.

Не ставајте вода директно во генераторот на пареа.
Користете само вода. Не користете филтрирана (деминерализирана) или дестилирана вода. Не користете други течности. Не ставајте запаливи или алкохолни течности во фиоката за вода.

3. Турнете ја фиоката за вода во нејзината почетна положба.
4. Вклучете го апаратот.
5. Подготвувајте ја храната во правилни садови за готвење.
6. Изберете ги функцијата за греење со пареа и температурата.
7. Доколку е неопходно, поставете ја функцијата Траење |→| или Крај на готв. →|.

   На крајот на времето за готвење се огласува звучен сигнал.
8. Исклучете го апаратот.

   Оставете го апаратот целосно да се исуши со отворена врата.
9. Испразнете го садот за вода откако ќе заврши готвењето со пареа.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Почекајте најмалку 60 минути по секое користење на готвењето со пареа за да спречите излегување на топла вода од вентилот за испуштање вода.

6.6 Показател за празен сад

На екранот се прикажува Потребна е вода и се огласува звучен зигнал кога садот е празен и мора да се наполни.
Повеќе информации ќе најдете во „Готвење на пареа“.

6.7 Показател за полн сад


Кога на екранот се прикажува Садот за вода е полн , можете да го користите готвењето со пареа.
Се огласува звучен сигнал кога ќе се наполни садот.

Ако сипете премногу вода во садот, безбедносниот уред за испуштање ќе го однесе вишокот вода на дното на печката.
Отстранете ја водата со сунѓер или крпа.

6.8 Празнење на садот за вода

Погрижете се апаратот да се излади пред да почнете да го празните садот за вода.

1. Подгответе ја цевката за цедење (C) вклучена во истиот пакет со упатството за употреба. Ставете го конекторот (B) во еден од краевите на цевката за цедење.



2. Ставете го другиот крај на цевката за цедење (C) во сад. Ставете ја во пониска положба од вентилот за испуштање (A).
3. Отворете ја вратата на печката и ставете го конекторот (B) во вентилот за испуштање (A).
4. Притискајте го конекторот последователно при празнење на садот за вода.
5. Кога водата ќе престане да тече, симнете го конекторот од вентилот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Не ја употребувајте исцедената вода за да го полните садот за вода повторно.

Во садот може да има малку вода кога на екранот се прикажува Потребна е вода . Почекајте додека водата не престане да истекува од вентилот за испуштање.

6.9 Показател за загревање

Кога вклучувате функција за греење, се вклучува лента на екранот. Лентата покажува дека температурата се зголемува.

6.10 Показател за Брзо загревање

Оваа функција го намалува времето на загревање. За да ја вклучите функцијата, задржете го »3s 3 секунди. Ќе видите дека показателот за загревање се менува.

6.11 Преостаната топлина

Кога ќе го исклучите апаратот, екранот ја прикажува преостанатата топлина. Можете да ја употребите топлината за да ја одржите храната топла.

6.12 Штедење енергија

Апаратот ги има истите можности коишто ќе ви помогнат да заштедите енергија при секојдневното готвење:

- **Преостаната топлина:**
  - Кога функцијата за загревање или програмата работат, елементите за загревање се исклучуваат 10% порано (светлото и вентилаторот продолжуваат да работат). За да работи оваа функција, времето на готвење треба да биде подолго од 30 минути или мора да ги пставите функциите на часовникот (Траење , Крај на готв).
  - Кога апаратот е исклучен, можете да ја искористите топлината за да ја одржите храната топла. На екранот се прикажува преостанатата температура.
- **Готвење со исклучено светло** - Допрете и задржете го ☆3s 3 секунди за да го исклучите светлото за време на готвењето.
- **Еко-функции** - видете во „ Функции на греење “.

7. ФУНКЦИИ НА ЧАСОВНИКОТ

7.1 Функции на часовникот

Знак	Функција	Опис
🔔	Потсетник во минути	За да поставите одбројување (макс. 2 ч. и 30 мин.). Оваа функција нема влијание врз работата на апаратот. Можете исто така да ја вклучите кога апаратот е исклучен. Искористете го 🔔 за да ја вклучите функцијата. Притиснете ∧ или ∨ за да ги поставите минутите и **OK** за да започне.
|→|	Траење	За да поставите колку долго треба да работи апаратот (макс. 23 ч. и 59 мин.).
→|	Крај на готв.	За да го поставите времето на исклучување на функцијата за греење (макс. 23 ч. и 59 мин.).

Ако го поставите времето за функција на часовникот, времето ќе започне да одбројува по 5 секунди.

Ако ги користите функциите на часовникот Траење |→| и Крај на готв. →|, апаратот ги исклучува греачите по 90% од поставеното време. Апаратот ја користи преостанатата топлина за да го продолжи готвењето додека не заврши времето (3 - 20 минути).

Поставување на функциите на часовникот

1. Поставете функција за греење.
2. Притискајте го 🕘 последователно додека на екранот не се појави потребната функција на часовникот и соодветниот симбол.

3. Допрете го ∧ или ∨ за да го поставите неопходното време. Притиснете **OK** за да потврдите.

   Кога ќе истече времето, се огласува звучен сигнал. Апаратот се исклучува. На екранот се прикажува порака.
4. Допрете сензорско поле за да го исклучите сигналот.

- Со Траење |→| и Крај на готв. →| мора прво да ја поставите функцијата за греење и температурата. Потоа можете да ја поставите функцијата на часовникот. Апаратот автоматски се исклучува.
- Можете истовремено да ги користите Траење |→| и Крај на готв. →| ако сакате автоматски да го вклучите и исклучите апаратот во дадено подоцнежно време.
- Кога го користите сензорот за температура во средината (ако е достапен), функциите Траење |→| и Крај на готв. →| не работат.

7.2 Топлина + Задржување

Функцијата Топлина + Задржување ја чува подготвената храна топла на 80°C 30 минути. Се вклучува откако печењето тесто или месо ќе заврши.

- Можете да ја вклучите или исклучите функцијата во менито Основни поставки .
- Услови за функцијата:
  - Поставената температура е повисока од 80°C.
  - Поставена е функцијата Траење .

Вклучување на функцијата

1. Вклучете го апаратот.
2. Изберете ја функцијата за греење.
3. Поставете ја температурата над 80°C.
4. Притискајте го ◴ повеќепати сè додека на екранот не се прикаже Топлина + Задржување . Притиснете **OK** за да потврдите.

Кога функцијата ќе заврши, се огласува звучен сигнал.
Функцијата Топлина + Задржување работи 30 минути.
Функцијата Топлина + Задржување останува вклучена ако ги промените функциите на греење.

7.3 Дополнително време

Функцијата Дополнително време ја продолжува функцијата за греење по завршувањето на Траење .

- Се применува за сите функции на греење со Траење или Автоматска тежина .
- Не се применува со функциите на греење со Сензор за температура во средината .

Вклучување на функцијата:

1. Кога времето на готвење ќе заврши, се огласува звучен сигнал. Притиснете одредено сензорско поле.
2. На екранот се прикажува порака за Дополнително време од пет минути.
3. Притиснете го ◴ за да го вклучите (или ⮌ за да го откажете).
4. Поставете ја должината на Дополнителното време . Притиснете **OK** за да потврдите.

8. АВТОМАТСКИ ПРОГРАМИ

8.1 Помош при готвење со Автоматски рецепт

Апаратот има комплет рецепти што можете да ги употребувате. Рецептите се фиксни и не можете да ги смените.

Вклучување на функцијата:

1. Вклучете го апаратот.
2. Одберете го менито Помош при готвење . Притиснете **OK** за да потврдите.

3. Одберете ја категоријата и јадењето. Притиснете **OK** за да потврдите.
4. Одберете Автоматски рецепт . Притиснете **OK** за да потврдите.

Кога ја користите функцијата Прирачник , апаратот ги користи автоматските поставки. Можете да ги замените како и другите функции.

8.2 Помош при готвење со Автоматска тежина

Оваа функција автоматски го пресметува времето на печење на месото. За да ја употребите, потребно е да се внесе тежината на храната.

Вклучување на функцијата:

1. Вклучете го апаратот.
2. Одберете Помош при готвење . Притиснете **OK** за да потврдите.
3. Одберете ја категоријата и јадењето. Притиснете **OK** за да потврдите.
4. Одберете Автоматска тежина . Притиснете **OK** за да потврдите.
5. Допрете го ∧ или ∨ за да ја поставите тежината на храната. Притиснете **OK** за да потврдите.


Автоматската програма започнува. Можете да ја смените тежината во било кое време. Притиснете го ∧ или ∨ за да ја смените тежината. Кога ќе истече времето, се огласува звучен сигнал. Допрете сензорско поле за да го исклучите сигналот.

Превртете ја храната по 30 минути кај некои програми. Екранот покажува потсетник.


9. КОРИСТЕЊЕ НА ПРИБОРОТ

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

9.1 Телескопски шини



1. Извлечете ја десната и левата телескопска шина.



2. Поставете ја решетката на телескопските шини, а потоа нежно турнете ги во апаратот.

   Пред да ја затворите вратата на печката, проверете дали целосно сте ги турнале телескопските шини внатре во апаратот.


Чувајте го упатството за монтирање на телескопските шини за идна употреба.

Со телескопските шини можете да ги ставате и да ги вадите решетките многу полесно.


ВНИМАНИЕ
Не чистете ги телескопските шини во машина за миење на садови. Не подмачкувајте ги телескопските шини.

9.2 Прибор за готвење на пареа


Сад за диетално печење за функциите за готвење на пареа




- Стаклена чинија (A)




- Капак (B)




- Цевка на вбризгувачот (C)




- Вбризгувач за директно готвење на пареа (D)



- Челична решетка (E)




Садот се состои од стаклена чинија, капак со отвор за цевката на вбризгувачот (C) и челична решетка која се става на дното од садот за готвење.




Вбризгувач и цевка на вбризгувачот. „C“ е цевка на вбризгувачот за готвење на пареа, „D“ е вбризгувачот за директно готвење на пареа.

Готвење на пареа во сад за диетално печење



Ставете ја храната на челичната решетка во садот за печење и затворете го со капак. Ставете ја цевката на вбризгувачот во специјалниот отвор на капакот на диеталниот сад за печење. Ставете го садот за печење на втората положба на решетката од долу. Ставете го другиот крај на цевката на вбризгувачот во влезниот отвор за пареа (видете во поглавјето „Опис на производот“). Внимавајте да не ја превиткате цевката на вбризгувачот или таа да не го допре греачот на горниот дел на печката. Поставете ја печката за функцијата за готвење на пареа.


Директно готвење на пареа



Ставете ја храната на челичната решетка во садот за печење. Додадете малку вода. Ставете го вбризгувачот (D) во цевката на вбризгувачот (C). Поврзете го другиот крај со влезниот отвор за пареа.

Не користете го капакот на садот.


Кога готвите храна како што е пилешко, патка, мисирка, јарешко или голема риба, ставете го инјекторот (D) директно во празниот дел на месото. Внимавајте да не ги блокирате отворите.




Ставете го садот за печење на првата или на втората положба на решетката од долу. Внимавајте да не ја превиткате цевката на вбризгувачот или таа да не го допре греачот на горниот дел на печката. Поставете ја печката за функцијата за готвење на пареа. За повеќе информации за готвењето на пареа, видете во табелите за готвење на пареа во поглавјето „Помош и совети“.

Цевката на вбризгувачот е специјално направена за готвење и не содржи опасни материјали.


Внимавајте кога го користите вбризгувачот кога работи печката. Секогаш користете ракавици за печка за да ракувате со вбризгувачот кога печката е жешка. Секогаш вадете го вбризгувачот од печката кога не користите функција на пареа.




Не ставајте топол сад за печење на ладни / влажни површини.



Не ставајте ладни течности во садот за печење кога е жежок.



Не го користете садот за печење на жешка површина за готвење.



Немојте да го чистите садот за печење со абразивни средства, жици за чистење или прашок.

10. ДОПОЛНИТЕЛНИ ФУНКЦИИ

10.1 Мени Омилена програма

Можете да ги зачувате вашите омилени поставки, како што се траење, температура или функција за греење. Тие се достапни во менито Омилена програма . Можете да зачувате до 20 програми.

Зачувување програма

1. Вклучете го апаратот.

2. Поставете функција за греење или функција Помош при готвење .
3. Допрете го ◴ повеќепати сè додека на екранот не се прикаже **ЗАЧУВАЈ** . Притиснете **OK** за да потврдите.
4. Екранот го прикажува првото слободно место во меморијата.

   Притиснете **OK** за да потврдите.
5. Внесете го името на програмата. Првата буква трепка.

   Допрете го ⋁ или ⋀ за да ја смените буквата. Притиснете **OK**.
6. Допрете го ⋁ или ⋀ за да го поместите курсорот кон лево или кон десно. Притиснете **OK**.

   Следната буква трепка. Направете ги чекорите 5 и 6 уште еднаш ако е потребно.
7. Притиснете и задржете **OK** за да зачувате.

Корисни информации:

- Можете да презапишете место во меморијата. Кога екранот го прикажува првото слободно место во меморијата, допрете го ⋁ или ⋀ и притиснете **OK** за да ја презапишете постоечката програма.
- Можете да го смените името на програмата во менито Измени име на програма .

Вклучување програма

1. Вклучете го апаратот.
2. Одберете го менито Омилена програма . Притиснете **OK** за да потврдите.
3. Одберете го името на вашата омилена програма. Притиснете **OK** за да потврдите.

Притиснете го ☆ за да одите директно во Омилена програма .

10.2 Function Lock

Function Lock заштитува од случајни промени на функцијата за греење. Function Lock можете да го активирате само кога апаратот работи.

Вклучување на Function Lock :

1. Вклучете го апаратот.
2. Поставете функција за греење или некоја поставка.
3. Притискајте го ◴ постојано, сè додека на екранот не се прикаже Function Lock .
4. Притиснете **OK** за да потврдите.

Ако апаратот има функција со пиролитичко чистење и функцијата работи, вратата е затворена и симбол на клуч се појавува на екранот.

Исклучување на Function Lock :

1. Притиснете го ◴ . На екранот се прикажува порака.
2. Притиснете го ◴ , а потоа **OK** за да потврдите.

10.3 Безбедносна брава за деца

Безбедносната брава за деца спречува случајна работа на апаратот.

Вклучување и исклучување на функцијата Безбедносна брава за деца:

1. Вклучете го апаратот.
2. Истовремено допрете ги ◴ и ☆ сè додека на екранот не се појави порака.

Ако апаратот има функција за пиролитичко чистење и функцијата работи, вратата е заклучена. На екранот се појавува порака кога ќе допрете некое сензорско поле.

За да го деблокирате апаратот, истовремено допрете ги ◴ и ☆ сè додека на екранот не се појави порака.

10.4 SET + GO

Функцијата SET+GO ви овозможува да поставите функција за греење (или програма) и да ја употребите подоцна со еден допир на сензорското поле.

Вклучување на функцијата:

1. Вклучете го апаратот.
2. Поставете ја функцијата за греење.
3. Притиснете го ◴ повеќепати сè додека на екранот не се прикаже Траење .
4. Поставете го времето.
5. Притиснете го ◴ повеќепати сè додека на екранот не се прикаже SET + GO .
6. Притиснете **OK** за да потврдите.

За да ја стартувате SET + GO , притиснете го било кое сензорско поле (освен ⏻). Поставената функција за греење започнува.

Кога функцијата за греење ќе заврши, се огласува звучен сигнал.

Корисни информации:

- Додека работи функцијата за загревање, функцијата Заклучување е вклучена.
- Можете да ја вклучите и исклучите функцијата SET + GO во менито Основни поставки .

10.5 Автоматско исклучување

Заради безбедносни причини, апаратот се исклучува по одредено време:

- Доколку работи одредена функција на печката.
- Доколку не ја менувате температурата на печката.

Температура на рерната	Време на исклучување
30 °C - 115 °C	12,5 ч.
120 °C - 195 °C	8,5 ч.
200 °C - 245 °C	5,5 ч.
250°C - максимум °C	3,0 ч.

Автоматското исклучување работи со сите функции, освен со Светло , Траење и Крај на готв. .

10.6 Вентилатор за ладење

Кога работи апаратот, вентилаторот за ладење се вклучува автоматски за да ги одржува ладни површините на апаратот. Ако го исклучите апаратот, вентилаторот за ладење продолжува да работи додека апаратот не се излади.

10.7 Безбедносен термостат

Неправилната работа на апаратот или дефектните компоненти може да предизвикаат опасно прегревање. За да се спречи тоа, печката има безбедносен термостат што го прекинува напојувањето со струја. Печката автоматски се вклучува повторно кога температурата ќе се намали.

11. ПОМОШНИ НАПОМЕНИ И СОВЕТИ

- Апаратот има пет нивоа за решетките. Бројте ги нивоата за решетките од долниот дел на апаратот.
- Апаратот е опремен со специјален систем кој обезбедува струење на воздухот и постојано кружење на пареата. Со овој систем може да готвите во опкружување со пареа, со што јадењата ќе останат сочни одвнатре, а крцкави однадвор. Тоа ги намалува времето на готвење и потрошувачката на енергија на минимум.
- На апаратот или на стаклените плочи на вратата може да кондензира влага. Тоа е нормално. Додека готвите, секогаш стојте подалеку од апаратот кога ја отворате вратата. За да ја намалите кондензацијата, загрејте го апаратот околу 10 минути пред готвењето.
- Избришете ја влагата по секоја употреба на апаратот.
- Кога готвите, не ставајте ги предметите директно на дното на апаратот и не покривајте кој било дел со алуминиумска фолија. Тоа може да влијае на резултатите на печењето и да го оштети емајлот.

11.1 Печење колачи

- Не отворајте ја вратата на рерната пред да поминат 3/4 од времето за печење.
- Ако користите два плеха за печење истовремено, оставете го нивото помеѓу нив празно.

11.2 Готвење месо и риба

- Користете длабока тава за многу мрсна храна за да спречите појава на трајни дамки во печката.
- Оставете го месото да постои околу 15 минути пред да го сечете за да не му истечат соковите.
- За да спречете појава на многу чад во печката за време на печењето месо, додадете малку вода во длабоката тава. За спречување на кондензација на чад,

додадете вода секогаш кога истата ќе се исуши.

11.3 Времетраење на готвењето

Времетраењето на готвењата зависат од видот на храна, нејзината густина и зафатнина.

Првично, следете ја ефикасноста кога готвите. Најдете ги најдобрите поставки (температура, време на готвење итн.) за своите садови, рецепти и количества кога го користите апаратот.

11.4 Табела за печење тесто и месо

КОЛАЧИ

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Рецепти со матење	2	170	3 (2 и 4)	160	45 - 60	Во калап за колач
Тесто за тврд бисквит од брашно	2	170	3 (2 и 4)	160	20 - 30	Во калап за колач
Колач со сирење и матеница	1	170	2	165	80 - 100	Во калап за колач од 26 cm
Колач со јаболка (Пита со јаболка)	2	170	2 (лево + десно)	160	80 - 100	Во два калапи од 20 cm за колач на решетка[1)]
Штрудла	3	175	2	150	60 - 80	Во плех за печење
Колач со џем	2	170	2 (лево + десно)	165	30 - 40	Во калап за колач од 26 cm
Пандишпан	2	170	2	150	40 - 50	Во калап за колач од 26 cm
Божиќен колач / Богат колач со овошје	2	160	2	150	90 - 120	Во калап за колач од 20 cm[1)]
Колач со сливи	1	175	2	160	50 - 60	Во плех за леб[1)]
Ситни колачи - едно ниво	3	170	3	150 - 160	20 - 30	Во плех за печење[1)]
Ситни колачи - две нивоа	-	-	2 и 4	140 - 150	25 - 35	Во плех за печење[1)]
Ситни колачи - три нивоа	-	-	1, 3 и 5	140 - 150	30 - 45	Во плех за печење[1)]

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Бисквити / тестенини - едно ниво	3	140	3	140 - 150	25 - 45	Во плех за печење
Бисквити / тестенини - две нивоа	-	-	2 и 4	140 - 150	35 - 40	Во плех за печење
Бисквити / тестенини - три нивоа	-	-	1, 3 и 5	140 - 150	35 - 45	Во плех за печење
Пуслици - едно ниво	3	120	3	120	80 - 100	Во плех за печење
Пуслици - две нивоа	-	-	2 и 4	120	80 - 100	Во плех за печење[1)]
Кифлички	3	190	3	190	12 - 20	Во плех за печење[1)]
Еклери - едно ниво	3	190	3	170	25 - 35	Во плех за печење
Еклери - две нивоа	-	-	2 и 4	170	35 - 45	Во плех за печење
Пити со овошје	2	180	2	170	45 - 70	Во калап за колач од 20 cm
Богат колач со овошје	1	160	2	150	110 - 120	Во калап за колач од 24 cm
Викторијанска торта со џем	1	170	2	160	30 - 50	Во калап за колач од 20 cm[1)]

1) Загрејте ја печката 10 минути.

ЛЕБ И ПИЦА

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Бел леб	1	190	1	190	60 - 70	1 - 2 парчиња, 500 g секое парче[1)]
Р'жан леб	1	190	1	180	30 - 45	Во плех за леб
Банички	2	190	2 (2 и 4)	180	25 - 40	6 - 8 банички во еден плех за печење[1)]

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Пица	1	230 - 250	1	230 - 250	10 - 20	Во плех за печење или во длабока тава[1)]
Земички	3	200	3	190	10 - 20	Во плех за печење[1)]

[1)] Загрејте ја печката 10 минути.

КОЛАЧИ

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Колач од паста	2	200	2	180	40 - 50	Во калап
Колач со зеленчук	2	200	2	175	45 - 60	Во калап
Солен колач	1	180	1	180	50 - 60	Во калап[1)]
Лазањи	2	180 - 190	2	180 - 190	25 - 40	Во калап[1)]
Канелони	2	180 - 190	2	180 - 190	25 - 40	Во калап[1)]

[1)] Загрејте ја печката 10 минути.

МЕСО

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Говедско месо	2	200	2	190	50 - 70	На решетка
Свинско	2	180	2	180	90 - 120	На решетка
Телешко месо	2	190	2	175	90 - 120	На решетка
Печено говедско месо на англиски начин, полуживо	2	210	2	200	50 - 60	На решетка

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Печено говедско месо на англиски начин, средно печено	2	210	2	200	60 - 70	На решетка
Печено говедско месо на англиски начин, добро печено	2	210	2	200	70 - 75	На решетка
Свинска плешка	2	180	2	170	120 - 150	Со кожа
Свинска коленица	2	180	2	160	100 - 120	2 парчиња
Јагне	2	190	2	175	110 - 130	Бут
Пиле	2	220	2	200	70 - 85	Цело
Мисирка	2	180	2	160	210 - 240	Цела
Паткино месо	2	175	2	220	120 - 150	Цело
Гускино месо	2	175	1	160	150 - 200	Цело
Зајак	2	190	2	175	60 - 80	Исечен на парчиња
Див зајак	2	190	2	175	150 - 200	Исечен на парчиња
Фазан	2	190	2	175	90 - 120	Цел

РИБА

ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Вообичаено готвење		Готвење со вентилатор		Време на готвење [минути]	Забелешки
	Ниво	Темп. [°C]	Ниво	Темп. [°C]		
Пастрмка / Спарид	2	190	2	175	40 - 55	3 - 4 риби
Туна / Лосос	2	190	2	175	35 - 60	4 - 6 филети

11.5 Печење скара

Пред готвењето, загрејте ја празната печка околу 10 минути.

	Количина		Печење		Време на готвење [минути]	
ВИДОВИ НА ЈАДЕЊА	Парчиња	[g]	Позиција на решетката	Температура [°C]	прва страна	втора страна
Бифтек филети	4	800	4	макс.	12-15	12-14
Говедски бифтек	4	600	4	макс.	10-12	6-8
Колбаси	8	-	4	макс.	12-15	10-12
Свински кременадли	4	600	4	макс.	12-16	12-14
Пиле (исечено на половина)	2	1000	4	макс.	30-35	25-30
Ќебапи	4	-	4	макс.	10-15	10-12
Пилешки гради	4	400	4	макс.	12-15	12-14
Хамбургер	6	600	4	макс.	20-30	-
Филети од риба	4	400	4	макс.	12-14	10-12
Тостирани сендвичи	4-6	-	4	макс.	5-7	-
Тост	4-6	-	4	макс.	2-4	2-3

11.6 Печење на скара

Говедско месо

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Ростбиф или филе, слабо печено	за секој cm дебелина	1	190 - 200 1)	5 - 6
Ростбиф или филе, средно печено	за секој cm дебелина	1	180 - 190 1)	6 - 8
Ростбиф или филе, добро печено	за секој cm дебелина	1	170 - 180 1)	8 - 10

1) Загрејте ја печката.

Свинско

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Плешка, врат, шунка	1 - 1,5 kg	1	160 - 180	90 - 120
Кременадли, ребра	1 - 1,5 kg	1	170 - 180	60 - 90
Ролат од мелено месо	750 g - 1 kg	1	160 - 170	50 - 60

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Свинска коленица (претходно сварена)	750 g - 1 kg	1	150 - 170	90 - 120

Телешко

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Печено телешко	1 kg	1	160 - 180	90 - 120
Телешка коленица	1,5 - 2 kg	1	160 - 180	120 - 150

Јагнешко месо

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Јагнешки бут, јагнешко печено	1 - 1,5 kg	1	150 - 170	100 - 120
Јагнешки грб	1 - 1,5 kg	1	160 - 180	40 - 60

Месо од живина

ВИД ХРАНА	Количина	Позиција на решетката	Температура [°C]	Време (мин.)
Порции живина	200 - 250 g парче	1	200 - 220	30 - 50
